***УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ***
***Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството.***

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.*

**Упатството за пациентот содржи:**

1. *Што претставува Доксициклин и за што се употребува*
2. *Што мора да знаете, пред да го употребите Доксициклин*
3. *Како да го употребувате Доксициклин*
4. *Можни несакани дејства*
5. *Чување и рок на употреба на Доксициклин*

**Doksiciklin/Доксициклин 100 mg капсули**
doxycycline

Активна супстанција: доксициклин хиклат.
Помошни супстанции: лактоза монохидрат, пченкарен скроб, силициум диоксид колоиден безводен, магнезиум стеарат, натриум лаурил сулфат.
Празната капсула содржи: желатин, титан диоксид, боја патент плава E131, боја хинолин жолта E104, боја железо оксид црвена E172, боја железо оксид жолта E172.

**Назив, седиште и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет:**
**РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ Скопје,** ул: Козле 188, 1000 Скопје, Република Македонија

**Назив, седиште и адреса на производителот на лекот:**
**РЕПЛЕК ФАРМ ДООЕЛ Скопје,** ул: Козле 188, 1000 Скопје, Република Македонија

**1. Што претставува Доксициклин и за што се употребува**
Една капсула содржи 100 mg доксициклин во форма на доксициклин хиклат.

Содржина на пакувањето:
Кутија со 100 капсули од 100 mg во пластичен контејнер со индукциско затворање.

Доксициклин припаѓа на групата на лекови наречени тетрациклински антибиотици. Познат е како антибиотик со широк спектар на дејство и може да се употребува за лекување на голем број на инфекции предизвикани од бактерии, кои вклучуваат:

- инфекции на респираторниот систем,
- инфекции на уринарниот тракт,
- сексуално преносливи болести,

- инфекции на кожата, како акни,
- инфекции на очи,
- инфекции предизвикани од рикеции како Q треска или крлежна треска,
- други инфекции како маларија, колера, бруцелоза, лептоспироза, пситакоза или трески предизвикани со каснување од вошки или крлежи.

Доксициклин може да се користи и за спречување на:

- патнички пролив, тифус и лептоспироза.

**2. Што треба да знаете пред да го употребувате Доксициклин**

**Немојте да го употребувате Доксициклин:**

- ако сте алергични (преосетливи) на доксициклин, други слични антибиотици (како миноциклин или тетрациклин) или на која било друга состојка на лекот,
- кај деца под 12 годишна возраст.

**Бидете посебно внимателни со Доксициклин ако:**

- имате заболување на црниот дроб или земате лекови кои делуваат на црниот дроб,
- имате порфирија (генетско нарушување на крвта),
- имате миастенија гравис, состојба која се карактеризира со мускулна слабост, потешкотии со џвакањето и голтањето и нејасен говор,
- сте преосетливи на сончева светлина,
- имате системски еритематозен лупус, состојба која се карактеризира со исип (особено на лицето), паѓање на косата, треска, замор и болки во зглобовите.

**Употребување на Доксициклин со храна и со напиток**

Додека сте на терапија со Доксициклин не треба да конзумирате алкохол, затоа што алкохолот може да го намали дејството на лекот.

Ако капсулите Ви го надразнуваат желудникот, најдобро е да ги земате со храна или млеко.

**Бременост**

*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*

Кажете му на Вашиот лекар ако сте бремени (или мислите дека можеби сте бремени).

Доксициклин не смее да се употребува за време на бременост.

**Доење**

*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек.*

Доксициклин не смее да се употребува за време на доењето.

**Влијание врз способноста за возење или ракување со машини**

Не постојат докази дека лекот може да влијае врз способноста за возење или за ракување со машини.

**Важни информации за некои составни компоненти на Доксициклин**

Доксициклин капсулите содржат лактоза монохидрат. Ако Ви е кажано од Вашиот лекар дека не поднесувате некои шеќери, пред да го употребите овој лек контактирајте го лекарот.

**Употребување на други лекови**

Ве молиме да имате во предвид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние производи што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.

Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт. Особено е важно да го информирате Вашиот лекар ако употребувате некој од следните лекови:

- варфарин или други антикоагуланти (за спречување на згрутчување на крвта),
- пеницилин или рифампицин (за лекување на инфекции),
- антациди кои содржат алуминиум, калциум или магнезиум или други лекови кои содржат соли на железо, бизмут или цинк. Не треба да ги земате истовремено со Доксициклин капсулите, бидејќи може да ја намалат апсорпцијата на доксициклин,
- фенобарбитал, карбамазепин, фенитоин или примидон (за лекување на епилепсија),
- орални контрацептиви,
- метоксифлуран (анестетик). Ако Ви е потребна операција, кажете му на Вашиот лекар или стоматолог дека земате Доксициклин капсули,
- циклоспорин (кој се применува после трансплантација на органи).

**3. Како да се употребува Доксициклин**

Строго придржувајте се кон упатствата на лекарот. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинувате без да се посоветувате со лекарот.

Капсулите треба да ги проголтате цели со полна чаша вода. Доколку капсулите Ви го надразнуваат желудникот, најдобро е да ги земате со храна или млеко. Капсулите треба да ги земате или во седечка или во стоечка положба, и доволно долго пред да си легнете, за да се избегне надразнување и улцерација на ждрелото. Важно е да не легнувате најмалку 30 минути по земање на Доксициклин капсулите.

Вообичаените дози се за најмалку 10 дена, освен ако не е поинаку наведено од Вашиот лекар:

**Возрасни, постари лица и деца над 12 години:**

**Општи инфекции:** 200 mg првиот ден, или како единечна доза или во две поделени дози од 100 mg, проследено со 100 mg дневно. При тешки инфекции Вашиот лекар може да ја зголеми дозата на 200 mg дневно.

**Специфични инфекции:**

- Акне вулгарис: 50 mg дневно со храна или течности во тек на 6 до 12 недели.
- Сексуално-преносливи болести: 100 mg двапати на ден во тек на 7 до 10 дена.
- Сифилис: 300 mg дневно во поделени дози во тек на 10 дена.
- Трески предизвикани со каснување од вошки или крлежи: Единечна доза од 100 mg до 200mg, во зависност од тежината на инфекцијата.
- Маларија: 200 mg на ден најмалку 7 дена, треба да се даде со други лекови, како што е кинин.
- Спречување на тифус: 200 mg како единечна доза.
- Спречување на патнички пролив: 200 mg на првиот ден на патувањето проследено со 100 mg на ден во текот на траењето на престојот. Не го користете повеќе од 3 недели, освен ако не е препорачано од Вашиот лекар.

- Спречување на лептоспироза инфекции: 200 mg еднаш неделно во текот на престојот во инфицираната област и 200 mg на крајот на патувањето. Не го користете повеќе од 3 недели, освен ако не е препорачано од Вашиот лекар.

**Деца под 12 годишна возраст:**

Не се препорачува примена на Доксициклин капсулите кај деца под 12 годишна возраст, бидејќи може да доведе до трајно избледнување на забната глеѓ и да влијае врз развојот на коските.

*Ако имате впечаток дека ефектот на Доксициклин е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако сте земале поголема доза Доксициклин отколку што треба**

Ако вие (или некој друг) проголта многу капсули во исто време, или мислите дека детето можеби голтнало, контактирајте со ургентното одделение во најблиската болница или веднаш кажете му на Вашиот лекар.

**Ако сте заборавиле да земете Доксициклин**

Ако сте испуштиле или заборавиле да го испиете лекот, земете го веднаш штом се сетите. Ако се приближува времето за наредната доза, почекајте, не ја земајте пропуштената доза но земете ја наредната доза.

*Не земајте наеднаш двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.*

**Ефекти кога престанува третманот со Доксициклин**

Не го прекинувајте лекувањето со Доксициклин, дури и ако се чувствувате подобро. Многу е важно да ги земете сите капсули што Ви ги пропишал Вашиот лекар, затоа што состојбата може да Ви се повтори или да се влоши.

**4. Можни несакани дејства**

*Како и сите лекови, Доксициклин може да има несакани дејства, кои не се јавуваат кај секој пациент.*

**Веднаш престанете со земањето на лекот и побарајте итна медицинска помош ако:**

- забележите дека Вашата кожа е многу осетлива на сончева светлина (може да Ви се јави исип, чешање, црвенило или тешка изгореница при излегување на сончева светлина или после сончање).

**Во случај на појава на следниве реакции, веднаш контактирајте го Вашиот лекар:**

- свирење во градите, потешкотии со дишењето, треска, ненадејно отекување на лицето, усните, грлото, јазикот, дланките или стопалата, брзо отчукување на срцето, низок крвен притисок, исип или чешање (особено по целото тело), перикардитис (воспаление на обвивката на срцето),
- отечен јазик, воденест пролив, треска или грчеви во стомакот (псевдомембранозен колитис), болка и јадеж околу аналниот отвор и/или гениталното подрачје, воспаление околу вагината, или кандида на вагината или устата,
- влошување на системскиот еритематозен лупус.

**Информирајте го Вашиот лекар ако забележите некое од следниве несакани дејства или било кое друго несакано дејство кое не е наведено:**

- **Крв:** промена во бројот на одредени типови на крвни клетки, може да забележите дека полесно од вообичаено Ви се јавуваат модринки, имате крварење од носот, или страдате од инфекции и болки во грлото, порфирија

(чувствителност на кожата на сончева светлина, воспаление на нерви и стомачни болки).

- **Жлезди и хормони:** промени на бојата на тироидното ткиво (не влијае на тироидната функција).
- **Централен нервен систем:** главоболка, зголемен притисок во черепот (силни главоболки, замаглен вид и/или двојно гледање, слепи точки), трајно губење на видот, испакнати фонтанели (слабост на главата) на доенчињата.
- **Уши:** тинитус (ѕвонење или зуење во ушите).
- **Гастроинтестинален тракт:** болки во стомакот, губење на апетит, гадење или повраќање, ждригавица, пролив, отежнато голтање, болен јазик или болки во устата, воспаление и/или чир на хранопроводот, промени во бојата или неразвиеност на забите.
- **Црниот дроб:** промени во функционалните тестови на црниот дроб, воспаление на црниот дроб (хепатитис), жолтица (пожолтување на кожата или белките на очите), инсуфициенција на црниот дроб и воспаление на панкреасот (панкреатитис).
- **Кожа:** тешки кожни реакции како што се еритема мултиформе (кружни, неправилни црвени дамки), Stevens-Johnson-ов синдром (исип со црвенило, треска, плускавци или чиреви), токсична епидермална некролиза (црвенило, лупење и оток кои наликуваат на изгореници).
- **Мускули и коски:** болки во мускулите или зглобовите.
- **Бубрези:** зголемување на уреа во крвта.

*Ако приметите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.*

**5. Чување на Доксициклин**

Да се чува на температура до 25°C.

Да се чува во оригинално пакување.

**Лекот чувајте го на места недостапни за деца.**

**Рок на употреба**

*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.*

**Начин на издавање на лекот**

Лекот се издава во аптека само на рецепт.

**Датум на последната ревизија на внатрешното упатство**

08/2017

**Број на решението за ставање на лекот во промет**